РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3539/2

17-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на ден 13.05.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со број 12 - 3539/1 од 13.10.2020 година, со наводи кои се однесуваат на сомневање при градење на градба, станбена зграда во Кичево, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што по истите наводи ДКСК веќе има постапено и има донесено одлука од своја надлежност, а исто така по предметниот случај постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3539/1 од 13.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител, група на станари, на ден 13.10.2020. година, поднесена е пријава заведена под број 12 - 3539/1 од 13.10.2020 година, по која е оформен предмет со наводи кои се однесуваат на градење на градба, станбена зграда во Кичево -------------------------- во непосредна близина на зградата „----", која наоѓала на несоодветно место. Во пријавата се наведува дека за случајот претходно се водела судска постапка, пред десет години, и дека тогаш градењето било спречено од Врховниот суд но, сега повторно од страна на нов инвеститор почнало да се гради зграда на истото место. Во врска со случајот, на 25.09.2020 година, била добиена информација од страна на ЕЛС-Општина Кичево, со кое станарите биле информирани за издаденото одобрение за градење согласно чл.62 од Законот за градење, а кое одобрение било издадено на 22.09.2020 година, постапувајќи по барање на инвеститорот ДПТИ „-------------------------------- Кичево. Со извесувањето, станарите биле известени и дека согласно чл.62 од Законот за градење, тие можеле да извршат увид во документацијата или да поднесат жалба против предметното одобрение за градење во рок од 15 дена од денот на неговото издавање, а во спротивно истото станува правосилно.

При извршени провери во евиденцијата на ДКСК, констатирано е дека ДКСК веќе има постапено по предмет оформен по иста анонимна пријава со исти предметни наводи заведена под број 12-3539/1 од 13.10.2020 година и по кој на 51- та седница, одржана на ден 01.09.2021 година има донесено одлука од своја надлежност, со која постапката по предметот се запира, ДКСК нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај *поради тоа што во доставената пријава нема доволно и конкретни податоци во однос на посочената градба врз основа на што би се побарале податоци и информации за натамошно постапување на ДКСК, а од друга страна подносителот е непознат како би се исконтактирал со цел да се добијат дополнителни податоци.*

При разгледувањето на пријавените наводи и со оглед на погоре констатираното, ДКСК утврди дека за предметниот случај ДКСК веќе има постапено и донесено одлука, а воедно по предметниот случај постапил друг надлежен орган по барање од страна на подносителите на пријавата и им била дадена правна поука но, тие не го искористиле правото на жалба против предметното одобрение за градење иако за тоа тие биле известени од страна на надлежниот орган - ЕЛС. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk